Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТОТ НА СЛОЖЕНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

| | | |
|---|---|---|
| Дел. бр. | 02-905/1 | м-р Јане Станкоски<br>[име и презиме] |
| Датум: | 06.10.2022 година | в.д. директор на Државен инспекторат за земјоделство<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје (м.п.) | [потпис] |

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за земјоделство**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019), **в.д директорот на Државниот инспекторат за земјоделство,** ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за утврдување на коефициентот на сложеност на инспекцискиот надзор

### Член 1

Со оваа Одлука (интерен акт) се пропишуваат видовите на коефициенти на сложеност на инспекцискиот надзор со степен на ризик; критериумите за нивно утврдување со методологија и пресметка на вредноста на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор, кој се составен дел на оваа одлука.

### Член 2

(1) Се утврдуваат вкупно 5-пет коефициенти со степен на ризик на инспекциски надзор во Државниот инспекторат за земјоделство, и тоа:

| Ред.бр. | КОЕФИЦИЕНТ НА СЛОЖЕНОСТ | ВРЕДНОСТ | СТЕПЕН НА РИЗИК |
|---|---|---|---|
| 1 | Q 1 | (до 1) = 1 | надзор со низок ризик |
| 2 | Q 2 | (над 1 до 2)=2 | надзор со низок и среден ризик |
| 3 | Q 3 | (над 2 до 3)=3 | надзор со среден ризик |
| 4 | Q 4 | (над 3 до 4)=4 | надзор со среден и висок ризик |
| 5 | Q 5 | (над 4 до 5)=5 | надзор со висок ризик |

(2) Утврдените коефициенти на сложеност се применуваат при вршење на инспекциски надзор по материјалните закони во надлежност на Државниот инспекторат за земјоделство.

### Член 3

Коефициентот на сложеност на инспекциски надзор се утврдува врз основа на следните критериуми:

1. **Условите** во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот;
2. **Бројот на субјекти** кои се предмет на инспекциски надзор;
3. **Бројот на прописи** врз основа на кои се врши инспекциски надзорот;
4. **Потребно време** за вршење на инспекциски надзор.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18(Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02)3121 462
www.diz.gov.mk

**Член 4**

(1) Критериумот "Условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот" се однесува на степенот на ризик на условите во кои се врши надзорот кај субјектот, видот на дејноста, локацијата каде се врши инспекцискиот надзор.

(2) Критериумот "Бројот на субјекти кои се предмет на инспекциски надзор" се однесува на субјектот (правното лице и одговорното лице, трговец поединец, службено лице и физичко лице или непознат субјект).

(3) Критериумот "Бројот на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзорот" се однесува на број на закони и подзаконски акти кои се применуваат, и тоа:
- Q 1 до 3 прописи;
- Q 2 до 4 прописи;
- Q 3 до 5 прописи;
- Q 4 до 6 прописи и
- Q 5 над 6 прописи.

(4) Критериумот "Потребно време за вршење на инспекциски надзор" се пресметува во часови по фази на инспекцискиот надзор, согласно Упатството за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор (*Сл. весник на Р.С.М бр 255/19*), детално дадено во табеларната пресметка за вкупно време за инспекциски надзор, и тоа:

| **Коефициент со степен на сложеност на инспекциски надзор** | | Q 1 | Q 2 | Q 3 | Q 4 | Q 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Фази при инспекциски надзор** | 1. Планирање | 15 мин. | 25 мин. | 40 мин. | 50 мин. | 70 мин. |
| | 2. Спроведување | 60 мин. | 65 мин. | 75 мин. | 80 мин. | 110 мин. |
| | 3. Затворање | 35 мин. | 40 мин. | 65 мин. | 75 мин. | 85 мин. |
| | 4. Документирање | 130 мин. | 170 мин. | 180 мин. | 215 мин. | 215 мин. |
| **Пресметка на вкупно време за инспекциски надзор** | | **до 4 часови** | **до 5 часови** | **до 6 часови** | **до 7 часови** | **над 7 часови** |

**Член 5**

(1) За утврдување на коефициент на сложеност на инспекцискиот надзор ќе се користи "Методологијата за сложеност на инспекциски надзор", кој е составен дел на оваа одлука (***Прилог 1***).

(2) Вредностите на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор се пресметуваат од вредностите дадени во соодветните критериуми на образец: "Пресметка на вредноста на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор", кој е составен дел на оваа одлука (***Прилог 2***).

**Член 6**

(1) Според нивото, инспекторот може да врши инспекциски надзор со коефициент на сложеност, како што следува:

1) инспектор со ниво Б1 и Б2 – коефициент на сложеност Q5;
2) инспектор со ниво Б3, Б4 и В1 – коефициент на сложеност Q4 и Q5;
3) инспектор со ниво В2 – коефициент на сложеност Q3 и Q4;
4) инспектор со ниво В3 – коефициент на сложеност Q2 и Q3 и
5) инспектор со ниво В4 – коефициент на сложеност Q1 и Q2.

(2) По исклучок, поради поефикасно спроведување на инспекцискиот надзор, инспекторот може да врши инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност.

(3) Доколку започната постапка на инспекциски надзор од страна на инспектор со ниво В4 со коефициент на сложеност Q1 и Q2, премине во постапка на инспекциски надзор со повисок коефициент на сложеност, понатамошни дејствија ќе преземе инспектор со повисоко ниво, во истиот регион, со учество и на инспекторот кој ја започнал инспекциската постапка.

**Член 7**

Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на коефициентот на сложеност на инспекцискиот надзор бр. 02-1369/1 од 30.11.2018 година со добиена согласност со Заклучок од 82-та седница на Инспекцискиот совет под бр.13-1185/3 од 13.12.2018 година.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија

Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18(Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија

+389 (02)3121 462
www.diz.gov.mk

Прилог 1

ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА: **ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

## Методологија за сложеност на инспекциски надзор

- Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларство, земјишната политика со поледелско производство
- Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство
- Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи
- Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика

| | |
|---|---|
| Q - 1 | Условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот се безбедни и се со низок степен на ризик.<br>Надзор кај субјект (правното лице и одговорното лице, трговец поединец, службено лице и физичко лице или непознат субјект).<br>Обем на прописи кои се предмет на надзорот (до 3).<br>Надзор со кратко времетраење (до 4 часа).<br>Надзори кај што е предвидено инспекциски мерки како: едукација /опомена/ наредба/ задолжување /забрана/ друга мерка (спроведување постапката на порамнување со издавање на прекршочен платен налог, поднесат барање за поведување на прекршочна или кривични постапка).<br>Последователна контролен надзор на исполнување на инспекциски мерки наложени при контролите од Q - 2. |
| Q - 2 | Условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот се со низок и среден ризик.<br>Надзор кај субјект (правното лице и одговорното лице, трговец поединец, службено лице и физичко лице или непознат субјект).<br>Обем на прописи кои се предмет на надзорот (до 4).<br>Надзор со времетраење (до 5 часа).<br>Надзори кај што е предвидено инспекциски мерки како: едукација /опомена/ наредба/ задолжување /забрана/ друга мерка (спроведување постапката на порамнување со издавање на прекршочен платен налог, поднесат барање за поведување на прекршочна или кривични постапка).<br>Последователна контролен надзор на исполнување на инспекциски мерки наложени при контролите од Q - 3 |

| | |
|---|---|
| Q - 3 | Условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот се со среден ризик.<br>Надзор кај субјект (правното лице и одговорното лице, трговец поединец, службено лице и физичко лице или непознат субјект).<br>Обем на прописи кои се предмет на надзорот (до 5).<br>Надзор со времетраење (до 6 часа).<br>Надзори кај што е предвидено инспекциски мерки како: едукација /опомена/ наредба/ задолжување /забрана/ друга мерка (спроведување постапката на порамнување со издавање на прекршочен платен налог, поднесат барање за поведување на прекршочна или кривични постапка).<br>Последователна контролен надзор на исполнување на инспекциски мерки наложени при контролите од Q - 4. |
| Q - 4 | Условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот се со среден и висок ризик.<br>Надзор кај субјект (правното лице и одговорното лице, трговец поединец, службено лице и физичко лице или непознат субјект).<br>Обем на прописи кои се предмет на надзорот (до 6).<br>Надзор со времетраење (до 7 часа).<br>Надзори кај што е предвидено инспекциски мерки како: едукација /опомена/ наредба/ задолжување /забрана/ друга мерка (спроведување постапката на порамнување со издавање на прекршочен платен налог, поднесат барање за поведување на прекршочна или кривични постапка).<br>Координирани инспекциски надзори со вклучување на инспектори од повеќе области во Инспекторатот.<br>Координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби.<br>Последователна контрола на исполнување на корективните мерки наложени при контролите од Q - 5. |
| Q - 5 | Условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот се со висок ризик.<br>Надзор кај субјект (правното лице и одговорното лице, трговец поединец, службено лице и физичко лице или непознат субјект).<br>Обем на прописи кои се предмет на надзорот (над 6).<br>Надзор со времетраење (над 7 часа).<br>Надзори кај што е предвидено инспекциски мерки како: едукација /опомена/ наредба/ задолжување /забрана/ друга мерка (спроведување постапката на порамнување со издавање на прекршочен платен налог, поднесат барање за поведување на прекршочна или кривични постапка).<br>Координирани инспекциски надзори со вклучување на инспектори од повеќе области во Инспекторатот.<br>Координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби. |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**[7]

1. Вредноста на коефициентот не е прецизно утврдена, односно инспекторатот сам ја утврдува. Треба да се направи симулација во табелата за да се провери адекватноста на вредноста на коефициентите. Најмалата сложеност мора да има најмала вредност.
2. Во редот „Условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот„ се внесува степенот на ризик на условите во кои се врши надзорот кај субјектот, видот на дејноста, локацијата каде се врши инспекцискиот надзор, при што се внесува вредноста на ризикот за: Q 1 (од 1 до 5), Q 2 (од 6 до 10), Q 3 (од 11 до 15), Q 4 (од 16 до 20) и Q 5 (од 21до 25). Во колоната „%" се внесува учеството на предметниот критериум во вкупната вредност на коефициентот (проценка на испекторот), а во колоната „Вредност" се пресметува вредноста на предметниот критериум. Предметниот критериум може да има различно учество и вредност кај различни коефициенти на сложеност.
3. Во редот „Број на субјекти кои се предмет на инспекциски надзор", во колоната „Параметар„ се внесува субјектот - предмет на инспекцискиот надзор, во колоната „%" се внесува учеството на предметниот критериум во вкупната вредност на коефициентот, а во колоната „Вредност" се пресметува вредноста на предметниот критериум. Предметниот критериум може да има различно учество и вредност кај различни коефициенти на сложеност.
4. Во редот „Бројот на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзорот" во колоната „Параметар" се внесува бројот на закони и подзаконски акти, врз основа на кои се постапува во инспекцискиот надзор. Во колоната „%" се внесува учеството на предметниот критериум во вкупната вредност на коефициентот (проценета од инспекторот), а во колоната „Вредност" се пресметува вредноста на предметниот критериум. Предметниот критериум може да има различно учество и вредност кај различни коефициенти на сложеност.
5. Во редот „Потребно време за вршење на инспекциски надзор" (во часови), во колоната „Параметар" се внесува времето за вршење на инспекцискиот надзор во часови (еднакво на збирот од редот „Пресметка на вкупно време за инспекциски надзор"), во колоната „%" се внесува учеството на предметниот критериум во вкупната вредност на коефициентот (проценета од инспекторот), а во колоната „Вредност" се внесува вредност на предметниот критериум. Предметниот критериум може да има различно учество и вредност кај различни коефициенти на сложеност.
6. Во редот „Пресметка на вкупно време за инспекциски надзор" се внесува збирот од времето на спроведувањето на инспекцискиот надзор кој се состои од четири фази, согласно *Упатството за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор (Сл. весник на Р.С.М бр 255/19).* Во редовите од 1 до 4 се внесува времето за завршување на секоја фаза. Времетраењето на секоја фаза е варијабилен за секој коефициент на сложеност во зависнот од инспекцискиот надзор (проценета од инспекторот).
7. Во делот „Образложение„ се даваат подетални информации за начинот на пресметка и утврдување на видовите и вредносите на коефициентите на сложеност на инспекциските надзори.